20250160397

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2025 година.

Бр. 08-310/1
17 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20) во член 7 во ставот 3 зборот „економија" се заменува со зборовите: „економија и труд".

Член 2

Во член 19-б ставот 2 се менува и гласи: „Комисијата ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството и е составена од два члена на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден член од Министерството за култура и туризам, еден член од туристичките комори и еден член од угостителското стопанство".

Во ставот 6 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 3

Во член 19-д во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 4

Во член 21 во ставот 1 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 8 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 5

Во член 21-а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 6

Во член 21-б во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 7

Во член 25 во ставот 5 зборовите: „трудот и социјалната политика” се заменуваат со зборовите: „економија и труд”.

Член 8

Во член 27-а ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата работи во состав од 13 члена, од кои четворица претставници од Министерството за економија и труд, тројца претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Министерството за транспорт, еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, еден претставник од Министерството за култура и туризам, еден претставник од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и еден претставник од Државниот пазарен инспекторат”.

Во ставот 8 зборовите: „туризмот и” се бришат, а зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 9

Во член 27-б во ставот 4 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 5 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 10 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 10

Во член 27-в во ставот 1 зборовите: „туризмот и” се бришат.

Во ставот 3 точка 4) зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 11

Во член 27-г во ставот 3 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 5 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 12

Во член 27-ѓ ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата за надзор работи во состав од пет члена од кои: двајца на предлог на Министерство за економија и труд, еден на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, еден на предлог од Министерството за финансии и еден на предлог од Министерството за транспорт.”.

Ставот 8 се менува и гласи:

„Стручните и административно-технички работи за потребите на Комисијата за надзор, ги врши организациската единица надлежна за работите од областа на угостителството во Министерството за економија и труд.”.

Член 13

Во член 27-е во ставот 4 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 6 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 7 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Во ставот 10 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 14

Во член 28 ставот 1 се менува и гласи:

„Категоризацијата на угостителските објекти за исхрана-ресторани од членот 27 став 1 ја врши комисија за категоризација на угостителските објекти (во натамошниот текст: комисија) составена од пет члена, кои имаат заменици.”.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден претставник од Државниот инспекторат за труд, еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, еден претставник од локалната самоуправа на чија територија се врши категоризацијата и еден претставник од угостителското стопанство.”.

Во ставот 5 зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 15

Во член 53-в во ставот 6 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 16

Во член 53-ѓ во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 17

Во член 59 во ставот 2 зборот „економијата” се заменува со зборовите: „економијата и трудот”.

Во ставот 9 зборот „економијата” се заменува со зборовите: „економијата и трудот”.

Член 18

Во член 60 во ставот 8 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Во ставот 9 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 19

Во член 67-а во ставот 10 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 20

Во член 70-ѓ во ставот 1 зборот „економија” се заменува со зборовите: „економија и труд”.

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.